Врз основа на чл. 6, 11 и 16 од Правилата за организација и начин на работа на Македонската енергетска асоцијација, Македонската енергетска асоцијација на седницата одржана на 16.11.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**

за изменување и дополнување на Правилата за организација и начин на работа на Македонската енергетска асоцијација

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Правилата за организација и начин на работа на Македонската енергетска асоцијација, бр. 10-2102/2 од 26.05.2005 година (во натамошниот текст: Правила).

**Член 2**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 3 се менува и гласи:

„Член 3

МЕА ги има следните органи и тела:

- Претседател;
- Еден или повеќе заменици-претседатели;
- Постојани и повремени помошни тела (комисии, совети од експерти и сл.)

Со Одлука за формирање на телата се определува нивниот состав и делокруг на работа:“

**Член 3**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 4 се менува и гласи:

„Член 4

Претседателот и замениците-претседатели се избираат од претставниците – членови на МЕА, со мандат од 5 (пет) години.“

**Член 4**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 5 се менува и гласи:

„Член 5

Претседателот на МЕА ја претставува МЕА, ги свикува и раководи со седниците на МЕА и ги извршува одлуките и заклучоците, покренува иницијатива за разгледување на определени прашања за седницата, го предлага дневниот ред, соработува со претседателите на другите тела и облици на организирање и работење на Комората и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на МЕА.

Претседателот во вршењето на работите од став 1 на овој член го заменува заменик – претседателот. Доколку МЕА избере повеќе од еден замерник-претседател, претседателот го заменува еден од заменицитe-претседатели по претходен договор со претседателот.

Во извршењето на работите од својот делокруг претседателот и заменик-претседателот (заменицитe-претседатели) на МЕА работат во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија и овие Правила."

**Член 5**

Оваа Одлука се објавува на огласна табла во Комората во рок од три дена од нејзиното донесување и влегува во сила од денот на објавувањето.

Бр. 36-1705/3
16.11.2017 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Билјана Пеева Ѓуриќ